АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ИНФОРМАТОР

БРОЈ 66 Ноември 2007

## И АДВОКАТСКА КОМОРА НА РМ ВО БОРБА ЗА ЗАШТИТА НА УСТАВНОТО ИМЕ




Делегација на Адвокатска комора на Република Македонија присуствуваше на 51-от Конгрес на Светската Унија на адвокати - УИА. На Конгресот присуствуваа повеќе од 1500 адвокати од целиот свет.

**Во Светската Унија на адвокати Адвокатската комора на Република Македонија е примена под своето уставно име.**

51-от Конгрес на Светската Унија на адвокати официјално започна со говорот на претседателот на Светската Унија на адвокати (УИА), нашиот драг пријател Пауло Линс Е Силва во Универзитетот во Сорбона. Инаку гостин на Конгресот требаше да биде и претседателот на Франција г-динот Николас Саркози, но тој од оправдани причини го откажа своето учество и наместо него Конгресот го поздрави Министерот за правосудство, г-ѓа Рацхида Дати.

Конгресот беше истотака поздравен од страна на добитничката на Нобеловата награда за мир во областа на човековите права за 2003 година, познатиот адвокат и борец за човекови права Схрин Ибади.

На Генералното Собрание на Светската Унија на адвокати наидовме и на мал политички инцидент каде при утврдувањето и разгледувањето на точките на дневниот ред на самото собрание, претставникот од Грција, земајќи збор од место пред преполната сала, истакна дека има техничка грешка кај делегацијата од Македонија и дека Солун е главен град на Македонија, а Александар Македонски е роден во Грција, па затоа треба кај делегацијата од Македонија да стои ФИРОМ, а не Македонија. По ова, претседателот на Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Македонија, Ненад Јаниќевиќ побара збор и наместо од место се упати на говорница од каде што пред сиот тој аудиториум истакна дека, цитирам: "Јас сум Ненад Јаниќевиќ, претседател на Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Македонија и национален потпретседател на Светската Унија на адвокати. АКРМ е членка на Светската Унија на адвокати - УИА под нејзиното уставно име, АКРМ е членка на Асоцијацијата на Адвокатски комори од црноморскиот регион - БЦБА под уставното име, АКРМ е членка на Европскиот клуб по трудово право, и истотака е членка на Советот на комори и правни друштва на Европа - ЦЦБЕ, каде сме земја набљудувач и предвесник на влезот на Република Македонија во Европската Унија. Адвокатската комора на Република Македонија има 14 индивидуални члена во Светската Унија на адвокати, што претставува една импозантна бројка. Адвокатската комора на Република Македонија на нашето Годишно Собрание во Охрид, имаше гости од 24 земји меѓу кои и претставници од Солунската Адвокатска комора. Светската Унија на адвокати преку поранешниот претседател на Пол Немо даде целосна поддршка на адвокатурата кога беа укинати одредени одредби од Законот за адвокатура од страна на Уставниот суд во 2002 година. Наши гости беа поранешниот претседател на УИА Антоан Акл, регионалниот секретар за блискиот исток Сами Акл,

*продолжува од стр. 1*

идниот претседател Коррадо Ди Мартини и досегашниот претседател Пауло Линс Е Силва, кој го прими претседателот на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд, претседателот на Врховниот суд и Министерот за правда на РМ. Овој конгрес не е поле и место да се решаваат политички прашања и затоа проблемот на било кој адвокат во светот е проблем на сите нас, бидејќи УИА е големо семејство на сите адвокати без оглед на вера, нација, религија, политичко убедување итн. и своето излагање би го завршил со зборовите на претседателот Пауло Линс Е Силва изговорени на нашето Годишно Собрание пред 250 домашни и странски адвокати, кога рече: „Драго ми е што дојдов во земјата на Александар Македонски„". Во текот на говорот, претседателот на Управниот одбор на АКРМ беше трипати прекинуван со аплауз, а по завршувањето прими голем број на честитки од голем број на колеги од сите континенти.

Грчкиот колега и на сесијата по кривично право, наместо стручно да коментира одредено правно прашање, почна со зборовите "јас сум тој и тој и доаѓам од Солун, главен град на Македонија", повторно барајќи провокација, но во тој момент делегацијата на АКРМ протесно ја напушти салата, што истотака наиде на одоборување од страна на присутните.

На крајот на Конгресот, во рамките на Сенатот на претседателите на Адвокатски комори, повторно претставникот на Грција кој не е претседател, сакаше да земе збор, но од страна на претседавачот на Сенатот г-дин Делос Лутон не му беше дозволено, по што грчкиот претставник непосредно видно погоден го напушти Конгресот.

Беше задоволство и чест да во тие денови се биде Македонец во Франција и за време на целиот Конгрес Македонија беше центар на вниманието на адвокатите од целиот свет.

## АДВОКАТСКИ КРЕАЦИИ, НОВОГОДИШЕН КОКТЕЛ И ХИТ ПРЕТСТАВАТА КОМШИЛУК НАОПАКУ

Адвокатската комора на Република Македонија во рамките на веќе воспоставената традиција, **на ден 21 декември 2007 година, повторно организира Адвокатски креации и новогодишен коктел кои ќе се одржат во просториите на Драмскиот театар во Скопје,** и која манифестација, како што веќе Ве информиравме во претходниот број на Информатор, оваа година ќе биде збогатена со можност на се присуствува на **хит претставата КОМШИЛУК НАОПАКУ.**

**Манифестацијата ќе започне во 18.30 часот со отварање на изложбата на нашите колеги а почетокот на претставата Комшилук наопаку е во 20.00 часот, по чие завршување ќе следува Новогодишниот Коктел во фоајето на Драмскиот театар.**

По постигнатиот договор на АКРМ со Драмскиот театар, сите заинтересирани колеги кои сакаат да присуствуваат на претставата Комшилук наопаку можат да купат **карти по повластена цена од 170,00 денари во Адвокатска комора на Република Македонија.**

**Поради големиот интерес помеѓу членството за присуство на претставата КОМШИЛУК НАОПАКУ, како и ограничениот број на карти, Ве известуваме дека се останати уште мал број на карти, кои сите заинтерсирани колеги можат да ги подигнат во најскоро време од Адвокатска комора на Република Македонија.**

## ОПШТ ПОВИК

### ЗАКОН ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

Со Законот за Бесплатна правна помош, чие донесување во моментов е во тек, се уредува правото на бесплатна правна помош, содржината, постапката во која се остварува, давателите на услугите, органите надлежни за одлучување, заштитата на правото, финансирањето како и надзорот над неговото спроведување како и над примената на одредбите од овој закон. Бесплатната правна помош согласно овој Закон се реализира од адвокати и се финансира државата.

Целта на овој закон е да обезбеди еднаков пристап на граѓаните до инситуциите на системот, запознавање, остварување и овозможување на ефективна правна помош, согласно начелото за еднаков пристап до правдата.

**Со цел изготвување на список на адвокати кои сакаат да учествуваат во проектот за Бесплатна правна помош и нивен упис во Регистарот за правна помош на адвокати одредени да извршуваат правна помош на подрачјето на соодветните апелациони судови, заинтересираните колеги најдоцна до 20 декември 2007 година да се пријават во Адвокатска комора на Република Македонија на тел. 02 / 3165 409 и 02 / 3212 452, кој список ќе се достави до Министерство за Правда на РМ.**

### ЗАКОН ЗА МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА

Со цел успешно имплементирање на Законот за малолетничка правда, кој ќе се применува од 01.09.2008 година, потребно е донесување на Програма со која ќе се создадат неопходни услови за функционирање на сите субјекти опфатени со одредбите на Законот, меѓу кои е неопходно и активното учество на Адвокатска комора на Република Македоинија.

Меѓу првите активности е предвидена и почетна обука на адвокатите за успешно вклучување и заштита на правата и интересите на децата и малолетниците како пред Центрите за социјална равота така и во подготвителната постапка, постапката пред Советот за малолетници и заштита на малолетниците како оштетени-жртви во кривичната постапка.

**Со цел на изготвување на список на адвокати кои би биле заинтересирани и би земале активно учество во наведените постапки опфатени со Законот за малолетничка правда, кој список истотака ќе се достави до Министерството за правда на РМ, сите адвокати кои сакаат да бидат дел од овој проект да се пријават во Адвокатска комора на Република Македонија на тел. 02 / 3165 409 и 02 / 3212 452 и е-маил. lawyermk@mba.org.mk.**

**ИЗУЧУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ЗА АДВОКАТИ**

Адвокатската комора на Република Македонија со цел натамошно успешно реализирање на својата Програма за континуирана едукација на адвокатите, а имајќи ја во предвид се поголемата потреба од познавање на странски јазик во секојдневното работење на адвокатите, Управниот одбор на Адвокатска комора на Република Македонија на седницата одржана на ден 20 октомври 2007 година, донесе Одлука за овозможување на учење на странски јазици на адвокатите. Со Одлуката е предвидено изучување на англиски и француски јазик.

Согласно истата, претседателите на сите Адвокатски заедници беа задолжени да соберат по 3 понуди од Центрите за странски јазици, по што би можело да се направи соодветен избор на понуда која е најповолна и нуди најдобри услови за адвокатите, за изучување на почетна (основна) програма и напредна програма .

За таа цел сите заинтересирани адвокати кои би сакале да изучуваат странски јазик, потребно е задолжително да се пријават кај претседателите на Адвокатските заедници или во Адвокатска комора на Република Македонија на тел. 02 / 3212 452 или 02 / 3165 409.

advokat.org.mk
веб директориум на адвокатите во Македонија

**Пријавете се на првиот веб директориум на адвокати во Македонија**

Што добиавте со пријавувањето

Професионална email адреса ime@advokat.org.mk, веб страница со податоци за адвокатот, домен, биографија, фотогалерија, контакт информации, мапа со локација на канцеларијата , пријавување на адвокатот на светските пребарувачи за адвокати, англиска верзија на веб страницата ....

информации за пријавување
**071 223 604 , 070 205 303 , info@advokat.org.mk**

**www.advokat.org.mk**

***ЕУРОЛИНК***
***ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ***

**Васил Главинов 12**
**ТЦЦ Плаза 1ви кат,**
**1000 Скопје**
**Тел. (02) 3231 623 ; (02) 3231 623**
**Факс. (02) 3231 625**
**е-маил: eurolink@eurolink.com.mk**
**www.eurolink.com.mk**

**Издава : АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СТРУЧНА СЛУЖБА**